ГРАД СКОПЈЕ - QYTETI I SHKUPIT
Бр. Nr. 08 - 3405/1
- 1. 04. 2022 20
СКОПЈЕ-SHKUP

Врз основа на член 203, член 206, член 209 и член 219 став 1 од Законот за работните односи („Службен весник Република Македонија" број 62/05, 3/06, 44/06, 66/06, 16/07, 57/07, 77/07, 106/08, 161/08, 63/09, 114/09, 130/09, 149/09, 10/10, 16/10, 50/10, 52/10, 58/10, 124/10, 132/10, 158/10, 47/11, 11/12, 39/12, 52/12, 13/13, 25/13, 54/13, 170/13, 187/13, 34/14, 106/14, 113/14, 145/14, 20/15, 33/15, 72/15, 74/15, 129/15, 167/15, 27/16, 134/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 110/19, 267/20 и 151/21), а во врска со член 169 став 6 од Колективниот договор на ниво на работодавач Град Скопје – Скопје број 08- 12000-1 од 31.12.2021г. и Колективен договор за изменување и дополнување на Колективниот договор на ниво на работодавач Град Скопје – Скопје број 08-1024/1 од 27.01.2022 г., претставуван од Градоначалникот Данела Арсовска од една страна и Претседателот на Синдикална Организација на Град Скопје Филип Силјановски, од друга страна, на ден 01.04.2022 година, склучија во Град Скопје,

**Колективен договор**
**за изменување и дополнување на Колективниот договор**
**на ниво на работодавач - „Град Скопје" Скопје**

**Член 1**

Во Колективниот договор на ниво на работодавач – "Град Скопје" Скопје (бр. 08-12000/1 од 31.12.2021 година и Колективен договор за изменување и дополнување на Колективниот договор на ниво на работодавач Град Скопје – Скопје број 08-1024/1 од 27.01.2022 г. член 83 се менува и гласи:

Вработениот врз основа на задолжение во писмена форма од непосредно претпоставениот, или од раководното лице на институцијата, се должни да извршуваат и работи и работни задачи кои не се содржани во описот на работните задачи утврдени во актот за систематизација на коешто вработениот е распореден, а кои се соодветни со нивните професионални квалификации и со работните компетенции. се додека траат причините.

- кога треба да се замени привремено отсутен работник;
- кога е зголемен обемот на работа во Град Скопје ;
- ако на работното место на кое работи е зголемен обемот на работа;
- во случај на елементарна непогода која се случила или која се заканува;
- во услови на итни и неодложни работи.

Вработениот е должен да врши и друга работа која не е предвидена во описот на работните задачи утврдени во актот за систематизација на коешто вработениот е распореден, а е во рамките на неговата стручна подготовка врз основа на писмен акт од страна на работодавецот за одредени проекти од капитално значење на Град Скопје за времетраење до реализација на проектот или со овластување за друго работно место

**Член 2**

Во член 84 став 1 и став 2 зборовите ,,кога врши работа која не е предвидена со договорот за вработување" се бришат.

**Член 3**

Во став 1 алинеја 18 се менува и гласи:

- доброволно дарување на крв - денот на дарување на крв и 2 последователни работни дена по денот на дарување крв односно 2 дена во текот на месецот на дарување крв со претходна согласност од непосредно претпоставениот вработен.
- Во истиот член во став 1 алинеја 20 се брише.

**Член 4**

Во член 106 став 2 зборовите ,,Ниво на квалификации VIII, 480 кредити според ЕКТС или завршен VII/ 3 степен 250 и Ниво на квалификации VII, 300 кредити според ЕКТС или завршен VII/2 степен 225" се бришат.

**Член 5**

Во член 128 во став 2 табелата се менува и гласи:

| Група | Степен на сложеност |
|---|---|
| I - работи кои подразбираат едноставен рутински труд кој не бара посебно образование | 1,000 |
| II -помалку сложени работи и задачи, со помош на едноставни средства на труд за кои се доволни усмениупатства | 1,004 |
| III -средно - сложени работи и задачи на кои работата се повторува, со повремени појави на нови работи | 1,011 |
| IV -посложени и разновидни работи и задачи за чие извршување е потребна консултација | 1,018 |
| V - посложени и разновидни работи и задачи за чие извршување е потребен понизок степен на самостојност | 1,046 |
| VI -посложени и разновидни работи и задачи чие извршување бара извесен степен на самостојност | 1,060 |
| VII -сложени работи и задачи кои бараат повисок степен на самостојност во нивното извршување | 1,146 |
| VIII - работи кои бараат самостојност и висок степен на креативност во нивното извршување | 1,215 |

**Член 6**

Во член 129 под ставот 1 табелата се менува и гласи:

| Реден број | Назив на работно место | Број на бодови | Степен на сложеност |
|---|---|---|---|
| 1 | -Општ работник | 1444 | 1,000 |
| 2 | -Собарка | 1450 | 1,004 |
| | -Курир | | |
| | -Хигеничар | | |
| 3 | -Хаусмајстор | 1460 | 1,011 |
| | -Тонски сниматeл на седници | | |
| | -Кафекувар | | |
| 4 | -Копирант | 1470 | 1,018 |
| | -Келнер/ка | | |
| 5 | -Обезбедување на објекти | 1510 | 1,046 |
| | -Возач | | |
| 6 | -Фотограф | 1530 | 1,060 |
| | -Домаќин | | |
| | -Обезбедување на кабинетот на Градоначалникот и Совет на Град Скопје | | |
| 7 | - Возач на Претседателот на Советот на Град Скопје и Секретарот на Град Скопје | 1655 | 1,146 |
| | -Диспечер | | |
| 8 | -Возач на градоначалник | 1755 | 1,215 |

**Член 7**

Во член 131 став 2 римско I точка 2 збровите ,, Возач на личност " се менуваат со зборовите ,,Возач на Претседателот на Советот на Град Скопје и Секретарот на Град Скопје":

**Член 8**

Одредбите од членот 6 од овој колективен договор ќе отпочнат да се применуваат со исплата на мартовската плата во месец април 2022 година.

**Член 9**

Овој Колективен договор за изменување и дополнување на Колективниот договор на ниво на работодавач Град Скопје – Скопје стапува во сила со денот на неговото склучување.

| | |
|---|---|
| **ГРАД СКОПЈЕ** | **Синдикална организација** |
| **Градоначалник** | **на Град Скопје** |
| | **Претседател** |
| **Данела Арсовска** | **Филип Силјановски** |